Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски на ден___________ 2022 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Државна урбанистичка планска документација за изградба на рударски комплекс "ПЛАВИЦА " ,КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Кратово и Општина Пробиштип, кој со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Кратово и Општина Пробиштип, кој го донесува Министерството за транспорт и врски, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Државна урбанистичка планска документација за изградба на рударски комплекс "ПЛАВИЦА " ,КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Кратово и Општина Пробиштип, се определуваат: Општина Кратово, Општина Пробиштип, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. За планскиот документ Државна урбанистичка планска документација за изградба на рударски комплекс "ПЛАВИЦА " ,КО Приковци, КО Шлегово, КО Гризменци, КО Марчино и КО Добрево, Општина Кратово и Општина Пробиштип, за чија изработка е одговорен Градежен институт "Македонија" А.Д. Скопје, а го донесува Министерството за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ ќе има влијание врз животната средина, истите ќе бидат идентификувани и оценети во Извештајот за стратегиска оцена.

4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена ќе ги опфати следните аспекти: целите на заштита на животната средина веќе дефинирани во усвоени стратешки плански документи на локално (Општина Кратово и Општина Пробиштип), регионално ниво и национално ниво (Просторниот План на РМ, Просторниот План на Источен плански регион, Стратегијата за рамномерен

развој на регионите во РСМ и др. плански документи), состојбата со земјиштето во однос на квалитетот на земјиштето и класа на намена, сегашниот статус на квалитетот на водите – површинските и подземните води, сегашна состојба со статусот на биодиверзитетот со особен осврт на прогласени заштитени подрачја на или околу планскиот опфат, климатските промени, влијанието врз животната средина (квалитет на воздух, квалитет на почва, површински и подземни води, отпад, биодиверзитет), кумулативните влијанија на води, почва, бучава и амбиентен воздух, како и позитивните придобивки од реализацијата на државната урбанистичка планска документација изразени преку зголемување на бројот на вработувања на локално и регионално ниво, економски развој на малите и средни претпријатија и индустрии, придобивки и социјален развој на локалните самоуправи (Кратово и Пробиштип) и подобрување на социо – економската состојба на населението. Ќе бидат предложени мерки за спречување и ублажување на потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и социјалните аспекти кои во фазата на подготовка на проектна документација заедно со мерките од ОВЖС Студијата ќе се вградат во техничките проектните документи со цел да се обезбеди современ, одржлив начин на експлоатација на минералните ресурси.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерството за транспорт и врски на следната адреса: www.mtc.gov.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр 21-3697/2 од 28.10.2022. година
Скопје

Министер,
Благој Бочварски